# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈПКД ТОПОЛКА ЗА ПЕРИОД ЗА 2023 ГОДИНА
(пречистен текст)

## 1. ВОВЕД

ЈПКД Тополка ги ослужува граѓаните на Општина Чашка спгласно Законот за Комунални Дејности, Закон за локална самоуправа, Статутот на Јавното Претпријатие со следните дејности:

1. Снабдување со вода за пиење
2. Одведување на урбани отпадни води – канализација ( фекална и атмосверска )
3. Собирање транспорт и депонирање комунален и други видови неопасен отпад
4. Одржување на јавна чистота
5. Одржување на паркови и зеленило и ректреативни површини
6. Уредување на градежно земјиште, Одржување реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти.
7. Одржување на гробишта и погребални услуги
8. Одржување и опремување со тезги на простор за пазар
9. Зимско одржувањее на локални патишта
10. Нова дејност од оваа година која со Одлука на совет е префрлена – Одржување Јавно Осветлување.

Земајќи ги во предвид економската криза, финасиската криза во Јавното Претпријатие, енормното зголемување на цените на електричната енергија, горивата, репроматеријалите, резервните делови и опремата за ефикасно извршување на дејностите, НАПОМЕНУВАМЕ И СУГЕРИРАМЕ до Советот за координација при усогласувањето со програмите од Општина Чашка за одвојување на средства од Буџетот за покривање на трошоците по сите програми, затоа што во претходните години немаше предвидено средства по дел од овие програми или беа намалени за дел од програмите.

- Дејноста снабдување на вода за пиење согласно годишниот план на Општина Чашка за Инвестиционо вложувања треба да се предвидат средства за изградба на секундарна мрежа за водоводот во Горно Јаболчиште **односно санација на водоводна мрежа во населено место Г. Јаболчиште како и санација на водоснабдителен систем во населено место Лисиче,** набавка на апарати за разложување на бигор во водата во системите во населените места Владиловци и Бањица, потоа Инвестиции со бушотини и пумпи за селата Лисиче и Голозинци.

НАПОМЕНА: Министерството за животна средина налага без обезбедување на дозвола за користење и експлотација на водата – испуштање на урбани отпадни

води ЈП не смее да стопанисува со водоводни и канализациони системи. Соодветна документација за добивање на дозвола ја обезбедува инвеститорот со елаборат проект и други пропратни документи кои со барањето се доставува до Министерство за животна средина.

- Во дејноста одржување на јавна чистота предвидено е собирање транспорт и депонирање на смет – растресит отпад, градежен шут и други видови на неопасен отпад што ќе се извршува со 3 специјални возила за изнесување на смет и 3 трактори SOLIS и трактор IMT 539. Оваа програма изто содржи чистење со метење на улици и перење на улици со цистерна.

Во оваа програма за непречено и квалитетно извршување на дејноста од Буџетот на Општината, треба да се издвојат повеќе средства пред се поради зголемување на цената на горивото и зголемување на обемот на работата со превземање и обврска во населените места Војнички мост, Врановски Анови, с.Мартолци , Населба Стариград ,Пашин мост. Претходните години средствста предвидени за оваа програма изнесуваше 2.400.000ден .а потоа се намалени на 1.800.000 ден. што не се доволни за покривање на трошоците за гориво и исплата за плати на вработените .

Во Програмата за одржување на паркови зеленило и рекреативни површини, граѓаните не се оптеретени со Ставка во сметката за наплата за таа цел ,Општината треба да ги надомести основните трошоци за поливање -потрошена вода и за набавка на водомерни инструменти во секој парк оделно и матријали за одржување на рекреатвните елементи .

Во програмата за уредување на градежно земјиште ,одржување ,реконсрукција заштита на локални патишта улици и други инфракстрктурни објекти потребно е да се предвидат средства за покривање на трошоците за сите активности при учество на овие .Активностите на механзацијата и вработенитеод Ј.П.К.Д Тополка .

Зимското одржување на локални патишта е исто така дејност во која непосредно учествува и јавното препријатие .За одржување на гробиштата доколку нема вонредни активности -што би барало поголеми инвестициони вложувања во сметките за вода се наплаќа и Ставка за одржување на гробиштата во износ од 30ден,кој би требало да ги покријат трошоците за одржување на гробиштата.

Програми на ЈПКД Тополка Чашка кои треба да се усогласат со износот на средствата што треба да се одвојат од Буџетот на Општина за покривање на трошоците за работа за реализација на овие програми.

1. **Јавна чистота ________________________________________2.400.000**

2. **Уредување на градежно земјиште и локални патишта_______2.000.000**

3. **Зимско одржување ______________________________________800.000**

4. **Одржување на паркови , зеленила и рекреативни елементи____300.000**

5. **Санација на централна депонија Чашка и диви депонии______300.000**

6. **Против пожарни активности и други природни непогоди_____200.000**

7. **Програма за тековно одржување на улици и локални патишта, јавни површини, паркови и слично____________________________2.000.000**

**Вкупен износ _______ 8.000.000**

**За овие програми Општина Чашка ги има предвидено следните износи:**

1. **Јавна чистота ________________________________________1.800.000**

2. **Уредување на градежно земјиште и локални патишта_______ 700.000**

3. **Зимско одржување ______________________________________700.000**

4. **Одржување на паркови , зеленила и рекреативни елементи____700.000**

5. **Санација на централна депонија Чашка и диви депонии______100.000**

6. **Против пожарни активности и други природни непогоди_____100.000**

7. **Програма за тековно одржување на улици и локални патишта, јавни површини, паркови и слично____________________________2.000.000**

**Вкупен износ _______6.100.000**

Недостатокот на средствата за покривање на трошоците во износ од **1.900.000,** ќе бидат обезбедени од сопствени извори и од Општина Чашка во зависност од дополнителното ангажирање на механизацијата со која располага ЈПКД Тополка и вработените.

ЈПКД Тополка Чашка
Директор
Маја Атанасовска Тодоровска
___________________________